01.12.2005 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 5 и 20 од Законот за Здруженија на граѓани и фондации(Сл.весник на РМ бр.31/98), ,Собранието на Здружението на граѓани за развој на демократија ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЕВРОПСКА ПЕСПЕКТИВА,со седиште на ул."Крсте Гермов Шакир"бр.19 во Скопје(во понатамошен текст:Здружение),на седницата одржана на 01.12..2005 година,го донесе следниот:

С Т А Т У Т

На Здружение на граѓани за развој на демократија ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА Скопје

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението е, доброволно и непрофитно здружение, кое се основа заради здружување на заинтересирани лица, заради остварување на целите на здружението.

Член 2

Здружението своето право, должности и одговорности ги остварува согласно со Уставот,Законот и овој Статут

Член 3

Името на здружението гласи:

Здружение на граѓани за развој на демократија ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЕВРОПСКА ПЕСПЕКТИВА Скопје.

(Во понатамошниот текст Здружение)

Скратеното име на Здружението гласи:

ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА Скопје.

Член 4

Седиштето на Здружението е во Скопје на ул."Крсте Гермов Шакир" бр.19.

Здружението се организира и делува на подрачјето на територијата на Република Македонија.

Член 5

Здружението согласно своите програмски определби и развојна политика може да членува во меѓународни асоцијации и организации.

Член 6

Здружението има својство на правно лице со права,обврски и одговорности утврдени со закон и овој Статут.

Член 7

Здружението одговара за своите обврски со сиот свој имот и средства.

Член 8

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е во округла форма и го содржи текстот на името:

Здружение на граѓани за развој на демократија ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА Скопје,напишано на Македонски јазик.

Штембилот на Здружението е со правоаголна форма и го содржи текстот на името ,место за деловен број и дата, напишано на Македонски јазик.

2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Основните цели, задачи и функции поради кои се основа Здружението се:

Давање на техничка помош,обука и реализација на демонстративни проекти во поглед на развојна едукација и едукација за човековата средина,имплементација на програми кои придонесуваат за долготраен активен развој на планетата во целост,интеграција на пмалку финансиски развиени делови во земјите од источна Европа и земјите во развој преку реализирање на средби,состаноци,конференции,публикации,програми за развој на демократски институции и заштита на човековата средина.

3.ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Членувањето во Здружението е на доброволна основа, а статус на членка се стекнува со потпишување пристапница и плаќање членарина.

Висината на годишната односно кварталната членарина што ќе ја плаќаат субјектите-членови на Здружението се утврдува согласно критериумите што ги утврдува Управниот одбор.

Членарината секој член ја плаќа најдоцна до 15 ден од тековниот месец.

Здружението е должно да состави и да одржува официјален регистер на своите членови со реден број, име на лицето, седиште, матичен број, година на раѓање и контакт информации.

Член 11

Членувањето во Здружението може да престане во следните случаи:

- членот го откаже членството и;
- исклучување на членот.

Членот може да го откаже членството, за што задолжително писмено или електронски го известува Здружението во рок од 30 дена пред откажување на членството. Во случај на откажување, членот губи право на враќање на сите средства, труд и интелектуална сопственост инвестирани во здружението.

Членот може да биде исклучен од Здружението ако:

- не се придржува и не ги исполнува финансиските обврски што произлегуваат од Статутот, одлуките и заклучоците на Здружението ;
- не се придржува и не ги исполнува не-финансиските обврски што произлегуваат од Статутот, одлуките и заклучоците на Здружението, и доколку во рок од 90 дена од денот на предупредување не ги исполни во целост;
- работи спротивно на интересите на Здружението , со одлука на најмалку една половина на членовите плус еден глас на Управниот одбор на Здружението.
- Заради неплаќање на најмногу 3 месеци последователна чланарина

4. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 12

Членовите на Здружението ги имаат следните права и обврски:

- Да се придржува кон Статутот, Правилникот и другите акти на Здружението , донесените одлуки, како и кон договорите што ги потпишала, односно на кои им пристапила во земјата и во странство
- да ги почитуваат во целост утврдените правила и стандарди од страна на Здружението;

- да учествуват со право на глас на Годишното собрание, како и на сите други состаноци организирани од Здружението;
- да ја уплатува редовната членарина согласно одлуката на Здружението
- заштита на професионалноста во работењето;
- користење на сите деловни информации со кои Здружението располага, вклучувајќи информации за тековни и идни проекти;
- учество и работа во сите управни и стручни облици на работење на Здружението;
- покренување разни иницијативи, давање мислења и предлози;
- право да бира и право да биде биран во органите на управување на Здружението .

5.ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 13

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста се обезбедува со изготвување на редовни извештаи за неговото работење,со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на Здружението за начинот на користење на средствата,за матерјално финансиското работење на други(годишни или периодични финансиски) извештаи.

За информирање на потенцијалните членови и поширокатa јавност,се користи печатот,радиото,телевизијата,како и периодичните публикации на Здружението кои можат да се основаат заради остварување на целите и задачите на Здружението.

Член 14

Органите на Здружението се обврзуваат да обезбедат систем на информирање на јавноста,како и објавување на актите на пригоден начин.

6.ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 15

Здружението своите цели и задачи стартно ги остварува од чланарина,донации и др. средства за остварување на проекти.

Здружението може да стекнува предмети, парични средства и имотни права.

Здружението средствата може да ги стекне и преку прилози, подароци, тестамент, легат заверен пред нотар и друго.

Здружението може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основал со сопствени средства, заради остварување на своите цели и задачи утврдени со овој Статут.

Здружението може да добива и буџетски средства, согласно постапката утврдена со закон, а врз база на претходно подготвена програма и овој Статут.

Член 16

Средствата на Здружението стекнати согласно член 14 од овој Статут, се сопственост на Здружението.

Член 17

Здружението ги употребува своите средства и приходи исклучиво за остварување на целите и задачите утврдени со овој Статут и општите акти, како и согласно евентуалните ограничувања од донаторите.

Член 18

За користење и располагање со средствата одлучува Управниот одбор наЗдружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кој презема мерки за економско и целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 19

Управниот Одбор на Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението , најкасно до крајот на тековната календарска година, за наредната година.

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Член 20

Финансискиот извештај го усвојува Собранието.

Годишниот финасиски извештај може да биде подложен на ревизија од страна на независен ревизор, избран од Надзорниот Одбор.

Финансискиот извештај за претходната година се донесува најдоцна до први јуни во тековната година.

7. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 21

Органи на Здружението се:

1. Собрание;
2. Управен одбор и
3. Надзорен одбор

Со Статутот може да се предвиди формирање и на други органи доколку се смета дека постои неопходност од нивното постоење.

Собрание

Член 22

Собранието на Здружението го сочинуваат сите членови на Здружението.

Член 23

Собранието на Здружението:

-го донесува,изменува или дополнува Статутот;
-ја донесува генералната политика и стратегија;
-донесува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го прима извештајот од независниот ревизор;
-ја усвојува годишната сметка на Здружението;
-избира и разрешува членови на управниот одбор;
-избира и разрешува членови на надзорниот одбор
-одлучува за членување и спојување наЗдружението со др.домашни и странски меѓународни организации и асоцијации;
-одлучува за основање на трговско дружтво;
-одлучува за основање на др.органи наЗдружението и
-врши и др.работи согласно Статутот и актите на Здружението

Член 24

Собранието работи на седници.

Со седницата раководи Председавачот кој се избира од страна на членовите на Собранието на првата конститутивна седница.

Собранието заседава најмалку еднаш во календарската година.

Седниците на Собранието се свикуваат од Председавачот на Собранието,Председателот на Управниот Одбор,по барање на УО или по барање на 1/3 од членовите на Собранието.

Ако Пртседседавачот не свика седница во рок од 15 дена(петнаест)дена,од денот на поднесувањето на предлогот,седницата ја свикува Председателот на УО или иницјаторите.

Член 25

Собранието има кворум за одржување доколку се присутни Повеќе од половината од вкупниот број членови на Собранието. Собранието одлучува полноважно со 2/3 мнозинство гласови од присутниот број на членови.

Управен одбор

Член 26

Членовите на Управниот одбор поединечно ги избира Собранието,со мнозинство од бројот на членовите во Собранието кои гласале,но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Управниот Одбор брои 5(пет) членови ..Мандатот на членовите на УО изнесува 4(четири) години со можност за повторен избор.

Кандидат за член на Управниот одбор можат да предложат најмалку три члена на Собранието

Доколку не се изберат онолку членови колку што брои Управниот одбор,постапката за избор на непотполнетите места во Управниот одбор се повторува во рок од 15(петнаесет)дена.

Член 27

Членовите на Управниот Одбор треба да бидат репрезентативни во однос на пол,возрост,географско потекло.

Член 28

Управниот Одбор на Здружението :

- донесува годишни програми и планови за работа;
- донесува финансиски план;
- носи мерки за обезбедување на ефективно и рационално извршување на програмата;
- одлучува за средствата на Здружението во рамките на финансискиот план;
- одлучува за воспоставување на награди и признанија;
- донесува акти со кои се уредува работата на помошните тела на Здружението;
- именува и разрешува раководител на стручна служба;
- врши други работи во согласност со овој Статут и со општите акти на Здружението.

Член 29

Управниот Одбор работи и одлучува на седници.

Управниот одбор на својата прва конститутивна седница избира Председател .

Седниците на Управниот Одбор ги свикува Председателот на Управниот Одбор по сопствена иницијатива,по барање на 2(два) члена на Управниот Одбор,по барање на 5 члена на Собранието или по барање на Раководителот на Стручнта служба.

За одлучување е потребно присуство на мнозинството од членовите на Управниот Одбор.

Управниот Одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор.

Член 30

Председателот на Управниот Одбор раководи со работата на Управниот Одбор и е одговоренза неговата работа.

Председателот на Управниот Одбор го застапува Здружението во правниот промет со трети лица пред законот во поглед на законитото работење на истата.

Во случај на отсуство или спреченост,Председателот на УО го заменува потпредседателот.

Член 31

За претресување на прашања од својата надлежност УО образува комисии и други работни тела,кои се формираат како постојани или привремени.

Член 32

За вршење на одредени други работи Здружението може да формира и други постојани и повремени помошни тела.

8.ПРАВА И ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО И УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 33

Членовите на Управниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединичните или посебните цели на која и да е друга старна

Членовите на Собранието и на УО имаат право и должност да учествуваат во работата на Собранието и на УО,да даваат иницјитава за подготвување општи акти и да учествуваат во вршењето на други надлежности на Собранието и на УО, во согласност со деловниците за работа и со заклучоците на Здружението и на Управниот одбор.

Член 34

Управниот одбор одговара за својата работа пред Собранието. Членовите на Собранието и на Управниот одбор се одговорни за остварување на целите и задачите на Здружението .Членовите на Собранието и на Управниот одбор се одговорни за штета предизвикана од нивното работење или поради запоставување на работата

Член 35

Собранието може да му изгласа недоверба на Управниот одбор или на негов член.Недовербата може да се изгласа во случај на неисполнување на правата и обврските согласно со Статутот и општите акти а посебно и неможноста за одржување на седниците на Уптравниот одбор во периодот од шест календарски месеци поради немање на кворум.

Член 36

Председателот на Управниот одбор може да предложи разрешување на член на Управниот одбор,Разрешување на член на Управниот одбор може да биде предложено поради неприсуство од неоправдани причини на најмалку три последователни седници на Управниот одбор или поради преставување на Здружението кое не е во согласност со улогата и идентитетот на Здружението или поради постапување во спротивност со одредбите на овој Статут.

Член 37

Член на Управниот одбор може да понесе оставка.

Новоименуиваниот член има мандат до крајот на мандатот на органот.

Член 38

Одлука по прашањата од членовите 35,36 и 37 од овој Статут,донесува Собранието со мнозинство од бројот на членови во Здружението кои гласале,но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Член 39

Членовите на Собранието и на Управниот одбор,како и на другите тела на Здружението ,можат да примаат паричен надоместок за трошоци и изгубен приход настанати поради учество во работа на Собранието и на УО и на другите органи на Здружението ,доколку Собранието со финансискиот план предвиди средства за таа намена.
Висината на паричниот надомест се определува со одлука на Собранието.

Надзорен одбор

Член 40

Членовите на надзорниот одбор се именуваат од Собранието,по писмен предлог од најмалку тројца членови на Собранието за еден кандидат.

Надзорниот одбор брои 3(три) члена,од кои еден е Председател.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува 4(четири) години,со право на уште еден реизбор.

Член 41

Собранието на предлог на членовите на Надзорниот Одбор може да разрешат член на Управниот Одбор,доколку се констатира неправилност во неговата работа.

Член 42

Членовите на Надзорниот одбор за својата работа се одговорни пред Собранието.
Поблиски одрдби за именување,разрешување,надлежност,одговорност и начин на работа на надзорниот одбор,се уредуваат со Општиот закт за основање на Надзорниот одбор и Деловникот за работа.

Член 43

Надзорниот одбор е надлежен да врши контрола:

-во извршувањето на статутарните и програмските задачи и одлуките на УО и другите тела на Здружението;

-во спроведувањето на одредбите на овој Статут и

-во наменско користење и располагање со средствата и приходите на Здружението.

Член 44

Наменското користење ќе биде контролирано преку периодичните извештаи од УО и др.тела на Здружението ,а по основ на користење на средствата,увид во банкарските трансфери и евентуалното ангажирање на

ревизорска куќа која ќе направи финансиски извештај за финаниското работење.

Член 45

Надзорниот одбор го доставува евентуалниот ревизорски извештај за финасиското работење до Собранието на Здружението ,најмалку 7(седум) дена пред денот на одржувањето на седницата.

9.СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 46

За извршување на административно-стручни,помошни и на нив слични работи од заеднички интерес,како и за остварување на целите и задачите на Здружението определено со овој Статут, Здруженито може да формира стручна служба.Стручната служба ги води дневните работи и ја сервисира работата на органите на Здружението .

Член 47

Стручната служба ја сочинува Раководител и потребен број на персонал.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со деловник кој го донесува Собранието

8.ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 48

Здружението престанува:

-ако се утврди дека престанало со работа

-ако средствата не се доволни за остворување на цели и задачи определени со Статутот;

-ако го изгуби својот имот;

- ако целта за која е формирана е исполнета или не може да се исполни;

- со одлука на Собранието,доколку тоа право му е загарантирано со Статутот;

-ако работи спротивно одредбите на член 3 и 4 од Законот на здруженија на граѓани и фондации и

- ако работењето на Здружението не е во согласност со нејзиниот Статут.

Член 49

Одлуката за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

По престанокот на работата на Здружението средствата на Здружението кои ќе останат по намирувањето на побарувањата се

пренесуваат во сопственост на друго здружение што врши исти или слични активности, а што ќе ги утврди Министерството за правда.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Право на толкување на одредбите на овој Статут има само Собранието,како орган кој го донесува,дополнува или изменува Статутот.

Член 51

Измени и дополнувања,како и донесување на нов Статут се вршат по предлог на 10 членови на Собранието или најмалку 4(четири) членови на Управниот Одбор.

Предлогот се поднесува до Управниот Одбор,кој заедно со мислење го доставува до сите членови на Собранието,најмалку 30(триесет)дена,пред денот на одржувањето на седницата на Собранието.

Собранието ги усвојува измените и дополнувањата или донесува нов Статут со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

Член 52

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на уписот на Здружението во регистарот на Здруженија на граѓани во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Скопје,01.12.2005 година

Председател на Асоцијацијата